# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 11 ГОД.27** |


**Општина Чучер-Сандево, Октомври 2024 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **петок** | **Бр. 11** |
| **по потреба** | **30.10.2024 год.** | **Год. 27** |


# 64.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Совет, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **43-**та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/1** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 6 од Деловникот на Советот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.6/2021) Советот на Општина Чучер-Сандево на **43**-та седница одржана на **24.10.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

1.Се верифицира мандат на член на Совет на Општина Чучер-Сандево и тоа:

**1.Марјан Вујиќ**

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”,.

**Бр.08-1681/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.10.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 65.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2024 година** до **30.09.2024** година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-**та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/2**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.244/19, 77/21 и 150/21) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43**-та седница одржана на ден **24.10.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2024 година** до **30.09.2024** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2024** година до **30.09.2024** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08-1681/4**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

**https://cucersandevo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/10/III-kvartal-2024-kombiniran.pdf**

# 66.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Се објавуваат Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2024 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-**та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/3**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

https://cucersandevo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/10/%D0%A0%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%81-%D0%9E%D0%BA%D1%82%D0%BE%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8-%D1%81%D0%BE-%D1%81%D1%80.pdf

# 67.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **43-**та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/4**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 46 став (7) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М број 32/20), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Чучер-Сандево- („Службен Гласник на општина Чучер-Сандево” бр.5/2019), советот на Општина Чучер Сандево на **43**-та седница одржана на ден **24.10.2024** година, донесе

## Д Е Л О В Н И К
## ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**Член 1**

Со овој Деловник се уредуваат начинот на работа на Партиципативното тело од областа на урбанизамот на општина Чучер-Сандево (во понатамошниот текст: Партиципативното тело), како и други прашања од надлежноста на Партиципативното тело.

**Член 2**

Цел на Партиципативното тело е да ги претставува сите различни интереси и интересни групи во Општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање

иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

**Член 3**

Партиципативното тело се формира со одлука на советот на општината, а по предлог на градоначалникот на општина Чучер-Сандево, со која е определена структурата на партиципативното тело.

**Член 4**

Партиципативното тело има најмалку 6 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува од причини што бројот на граѓанските членови е неограничен. Моменталниот вкупен број на членови се констатира на почетокот на секоја седница согласно одлуката на советот на општина Чучер-Сандево за формирање и списокот на пријавени членови согласно јавниот повик за пријавување на членови на Партиципативното тело.

Членови на Партиципативното тело се:

- во Партиципативното тело задолжително членуваат сите членови на Комисијата за урбанизам на општина Чучер-Сандево, назначени со посебно Решение од страна на градоначалникот на општина Чучер-Сандево. Секоја измена на составот на Комисијата за урбанизам се пресликува и во составот на Партиципативнототело.
- во Партиципативното тело членува најмалку едно стручно лице вработено во правното лице што е избрано за изготвување на урбанистичкиот план кој е предмет на расправа. Овој член се определува од страна на правното лице за секој предмет посебно.
- во Партиципативното тело може да членуваат и доброволно пријавени лица - претставници на урбаните и месните заедници, претставници на невладини организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

Учеството на лицата вработени во општина Чучер-Сандево во Партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во општината учеството е на доброволна основа.

**Член 5**

За вклучување во работата на доброволно пријавените лица, општината објавува Јавен оглас најмалку еднаш на секои 4 (четири) години, односно по потреба, кој се објавува на веб страната на општина Чучер-Сандево, како и во писмена форма со објавување на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Доброволно пријавените лица чии што пријави се прифатени станувaат членови на Партиципативнототело. Доброволно пријавените лица кои станале членови на Партиципативното тело можат своето членство да го повлечат за што писмено го известуваат претседателот на Патиципативното тело.

Доброволно пријавените членови на Партиципативното тело кои го откажале своето членство, не се јавиле на поканите и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело можат да бидат заменети со нови членови со објавување на нов оглас.

**Член 6**

Партиципативното тело на првата седница од своите редови избира Претседател и Заменик Претседател.

Претседателот на Партиципативното тело:

- ги свикува седниците на Партиципативното тело;
- ја координира работата на Партиципативното тело;
- Го предлага дневниот ред на седниците на Партиципативното тело;
- ги презентира мислењата и заклучоците на Партиципативното тело пред градоначалникот и пред советот на општина Чучер-Сандево.

**Член 7**

Во случај на времена спреченост на Претседателот, Заменик претседателот на Партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на Претседатолот, се до престанување на спреченоста.

**Член 8**

Работата на Партиципативното тело е јавна. Партиципативното тело работи на седници. Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на секои 2 (два) месеци, но може да заседава и по укажана потреба. Седниците на Партиципативното тело ги свикува и со истите раководи Претседателот, а во случај на негова спреченост Заменик претседателот.

Поканите за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело најдоцна 5 (пет) дена пред одржување на седницата.

Седницата на Партиципативното тело може да се одржи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови. Партиципативното тело одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на неговите членови. На седниците на Партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на советот на општина Чучер-Сандево, членовите на советот и стручни лица' од областа на урбанизмот, без право на одлучување.

**Член 9**

За работата на седницата на Партиципативното тело се води Записник. Записникот го води лице определено од Претседателот или Заменик претседателот на Партиципативното тело.

Донесените заклучоци, мислења и извештаи од расправата се изготвуваат во писмена форма. Примероци од материјалите од ставовите (3) на овој член се доставуваат до градоначалникот, советот и до одделението за просторно и урбанистичко планирање на општина Чучер-Сандево.

**Член 10**

Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на советот на општина Чучер-Сандево на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишна програма за урбанистичко планирање на територијата на општина Чучер-Сандево и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.

На седниците на советот Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења. Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на советот по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик претседателот.

Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело и членовите чии мислења и заклучоци не се усвоени со мнозинство на гласови од страна на Партиципативното тело или определени членови кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на советот на општина Чучер-Сандево и да ги презентираат своите мислења.

**Член 11**

Изменувањето и дополнувањето на Деловникот се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување. Деловникот за работа и неговите изменувања и дополнувања се објавуваат во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Член 12**

Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на општина Чучер-Санбдево стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Број 08-1681/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.10.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 68.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП 5706/7 КО КУЧЕВИШТЕ ВОНГРАД М.В.ЈУРИЈА**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправните објекти на КП 5706/7 КО Кучевиште м.в. Јурија **,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43**-та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/5** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.10.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43**-та седница одржана на ден **24.10.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА** КП 5706/1 КО Кучевиште вонград м.в.Јурија

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправн објект од локално значење УП 1 бр.11-440/2016 од 28.03.2016 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко–планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправните објекти со намена А1-5 куќи во селски стопански дворови и А5-4 останати помошни објекти, кои се изградени на КП 5706/7 КО Кучевиште вонград м.в. Јурија.

Според Општиот акт за с.Кучевиште, КП 5706/7 КО Кучевиште вонград м.в. Јурија на која се изградени објектите е со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08- 1681/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.10.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 69.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 5689/8 КО КУЧЕВИШТЕ ВОНГРАД М.В.ЈУРИЈА**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената за вклопување на бесправен објект на КП 5689/8 КО Кучевиште вонград м.в.Јурија**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43-**та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/6**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43**-та седница одржана на ден **24.10.2024** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 5689/8 КО Кучевиште вонград м.в.Јурија

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП 1 бр.11-605/2018 од 05.11.2018 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко–планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште, за бесправниот објект со намена А1-1 стамбени куќи со дворови-самостојни, кој е изграден на КП 5689/8 КО Кучевиште вонград м.в. Јурија.

Според Општиот акт за с.Кучевиште КП 5689/8 КО Кучевиште вонград м.в. Јурија на која е изграден објектот, е со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08- 1681/8**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 70.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ООУ“КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.КУЧЕВИШТЕ ВО 2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување во ООУ “Кирил и Методиј” с.Кучевиште во 2024 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43**-та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/7**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43-та** седница, одржана на **24.10.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ООУ “КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.КУЧЕВИШТЕ ВО 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност на Измена на Годишен план за вработување во ООУ “Кирил и Методиј”, с.Кучевиште, Општина Чучер-Сандево за 2024 година, бр.03-327/1 од 25.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1681/9**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 71.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

Се објавува Програма за изменување и дополнување на програма за урбанистичко планирање за 2024 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **43**-та седница, одржана на **24.10.2024** година.

**Бр.09-1722/8**
**24.10.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ” бр. 5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер Сандево („Службен гласник на општина Чучер Сандево” бр. 05/19), член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” 32/20, 111/23), Советот на Општина Чучер-Сандево на **43**-седница одржана на ден **24.10.2024** година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2024 година

### I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови и планска документација. Основен услов за развој на една општина е урбанизација на просторот. Согласно законската регулатива се прифаќаат и иницијативи од граѓани за усогласување со урбанистичките планови и можност на решавање на имотно правни работи.

Урбанистичкото планирање служи за уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби, а нивното остварување се обезбедува низ континуираниот процес на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на плановите.

Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2023 година, преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање.

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето, се урбанистички планови од членот 10 став 1 од Законот за урбанистичко планирање.

Со оваа програма се уредува:

1. Цели на програмата
2. Извори за финансирање на потпрограмата
3. Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање
4. Динамика на извршување на потпрограмата
5. Преодни одредби
6. Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територија на општина Чучер Сандево за 2023 година

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Развојниот концепт, залагајќи се за перспективна квалитативна трансформација на селото, налага сеопфатна општествено координативна активност насочена кон, целосна институционална и организациона интеграција, сообраќајно и воопшто, комуникациско поврзување на селските населби во мрежата на населените места и непосредно поврзување со државните институции и стопанските субјекти со цел да се поттикне и унапреди производството, комплексот на терцијарните дејности, квалитетот на живеењето во селските населби и да се зголеми степенот на вработеноста на селското население.

Приоритетна задача претставува целосното активирање на потенцијалните релевантни за развојот на стопанството, подобрувањето на животните и работните услови и трајното мотивирање на населението за опстанок во матичната средина. Реализацијата ќе се одвива преку создавање на пазарни услови на стопанисување чии главни носители ќе бидат селските домаќинства способни да обезбедат акумулација за репродукција и зголемување на производните активности и унапредување на условите за живеење во руралната средина.

- **Да се создадат услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурно екипирање на селските населби и ефикасно сообраќајно и комуникациско поврзување.**
- **Да се зголеми ефикасноста на јавните служби и да се обезбеди непосреден, лесно достапен пристап до најширокиот спектар на капацитетите на општествениот стандард и сервисните услуги.**

- **Да се обезбеди соодветна стручна помош и стимулативна фискална, кредитна и инвестициона политика која ќе ги респектира специфичностите на аграрниот комплекс и пратечките дејности.**

## III. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО :

### а. Изготвување на Урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место

Основни мотиви за изготвување на **Урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место** по член 15, 16 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” 32/2020) и се усогласување на предметните опфати со основните поставки од Просторниот план на Република Македонија, преку почитување на рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инавлидитет, одржлив просторен развој, сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочувување и заштита на недвижното културно наследство и безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии. Основа на изготвување на планската документација е документациона основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат.

Согледувајќи ги насоките за развој на општината и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Чучер-Сандево согласно законската регулатива, се изработува годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти.

Целите на програмата се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови и тоа:

- Интегриран пристап во планирањето
- Грижа и развој на регионалните особености
- Остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес
- Јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите
- Инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите
- Хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и
- Уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди

**в. Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територија на општина Чучер-Сандево за 2023 година**

Во согласност со одредбите од член 22 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” 32/2020), стручните служби од Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Чучер - Сандево пристапија кон изработка на анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Чучер - Сандево за 2023 година.

Анализата е конципирана согласно член 18, став (6) и член 19 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” 225/20) и е дадена како прилог во оваа Програма. Цел на анализата е добивање на целосен сумиран преглед за состојбите во просторот, како би можеле да оформат стратегии и да се превземат правилни мерки за одржлив развој на општината.

## IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата на Урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Чучер-Сандево се финансира од Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2024 година и од други приходи.

Програмата генерира отворени можности за отпочнување нови постапки за изработување и донесување на урбанистички планови, односно нивно изменување и дополнување. Утврдувањето на потребата е уредена во член 22 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” 32/2020), врз основа на анализа на начинот на спроведување на плановите, а вредноста за изработка на урбанистички планови ќе се пресметува во согласност со Тарифникот, што е обврска вградена во член 81 од цитираниот Закон (форматиран како калкулатор за пресметка на вредност на детален урбанистички план со детална регулација од 1 до 100 хектари).

## V. ТРОШОЦИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

### 5.1. Видови расходи

| Расходи за реализација, според намената и по поедини видови елементи на Општината се:**Категорија** | **Ставка** | | **Опис на ставка** | | **Планиран износ во денари** |
|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупни расходи** | | | | |
| **425** | Договорни услуги | | | | 297.810 |
| | | Вкупно планирани средства | | | **700.000** |
| | **425640** | | Изработување на УПС/УПВНМ | | |
| | | УПС/УПВНМ за кои се планираат постапки за изработување и донесување | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Име на УПС/УПВНМ/ површина | | | **Врз основа на Тарифник (Службен весник на РСМ бр. 140/21)** |
| | | 1 | УПВНМ за дел од индустриска зона Стенковец, КО Глуво Бразда | **94ха** | / |
| | | 2 | УПС за јужен дел од КО Кучевиште вон град | **135,4 ха** | / |
| | | УПС/УПВНМ за кои нема започнати постапки за изработување и донесување пренесени од 2023 година | | | |
| | | 1 | Урбанистички план за село Мирковци, КО Мирковци– Општина Чучер Сандево | 188.7ха | / |
| | | 2 | Урбанистички план за село Чучер Сандево, КО Чучер Сандево, КО Мирковци и КО Бањани – Општина Чучер Сандево | 66.1ха | / |
| | | 3 | Урбанистички план за село Глуво, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево | **49.8ха** | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | Урбанистички план за село Бразда, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево | 68.8ха | / |
| | | 5 | Урбанистички план за село Побожје, КО Побожје– Општина Чучер Сандево | 155.4ха | / |
| | | 6 | Урбанистички план за село Горњани, КО Горњани– Општина Чучер Сандево | 22.2ха | / |
| | | 7 | Урбанистички план за село Бањани, КО Бањани– Општина Чучер Сандево | 82.94ха | / |
| | | 8 | Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда - КО Глуво Бразда – Општина Чучер Сандево | | / |
| | | 9 | • Урбанистички проект за изградба на линиска инфраструктура (фекална канализациона мрежа) и реконструкција на краци од улица Радишански пат лево, КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево | **0.6ха** | **217.892** |
| | | | | | |
| | | **Други расходи по функција на донесување на УПС/УПВНМ и годишни програми од надлежност на секторот** | | | |
| | | 1 | Програми за поставување урбана опрема и времени објекти | / | |
| | | 2 | Програми за поставување урбана опрема | | / |
| | | 3 | Програми за поставување времени објекти | | / |
| | | 4 | Проектна програма за Урбанистички проект за изградба на линиска инфраструктура (фекална канализациона мрежа) и реконструкција на краци од улица Радишански пат лево, КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево | **0.6ха** | **39.959** |
| | | 5 | Услови за планирање на просторот | | / |
| | | 6 | Геодетски елаборати | | / |
| | | 7 | Стручна ревизија | **0.6ха** | **39.959** |

## VI. РАСПОРЕД НА РАСХОДИ ПО ПРОЕКТИ

### 6.1. Образложение на ставка 425 Договорни услуги - Изработка на просторни и урбанистички планови

- Ажурирани геодетски подлоги за истоимените и нови каде ќе има потреба;
- Извештаи за стратегиска оцена на животната средина;

- Урбанистички планови по иницијатива на физички и правни лица;
- Техничка исправка на техничка грешка на урбанистички планови
- Изработка на Студија за оправданост на територија на КО Побожје, КО Мирковци, КО Бањане, КО Бродец, КО Кучевиште, КО Чучер Сандево, КО Чучер Сандево вон град, КО Блаце Кале, КО Брест, КО Танушевци за подрачја кои што немаат градежна или урбанистичко планска историја, по правило за инженерски градби или други поголеми и сложени градби од групите на класи на намени Г, Е за коишто не постојат претходни плански или проектни податоци, односно за простори кои за прв пат се уредуваат и за кои има потреба од претходни истражувања и проценки.
- Студија / план за спроведување велосипедска инфраструктура на ниво на општина Чучер-Сандево
- Изработка на проект за уредување на коритата на реките и за можноста за поврзување на кејот со постоечките и новопредвидените велосипедски мрежи
- Прогласување на заштитени подрачја со одлука на совет
- Студија за рурален развој на потенцијални зони со автентичен карактер, приспособување на условите за градење според утврдените заштитени зони
- Инсталирање на фотоволтаични електрани, можност за олеснување на регулативата со одлука на совет
- Стратегија за развој на рурален туризам

## 6.2. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО пренесени од 2023 година

- Урбанистички план за село Кучевиште, КО Кучевиште – Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Кучевиште-вонград, КО Кучевиште вон град – Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Бањани, КО Бањани– Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Горњани, КО Горњани– Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Побожје, КО Побожје– Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Бразда, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Чучер Сандево, КО Чучер Сандево, КО Мирковци и КО Бањани – Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Глуво, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда-<br>КО Глуво Бразда – Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Кучевиште, КО Кучевиште – Општина Чучер Сандево
- Урбанистички план за село Мирковци, КО Мирковци– Општина Чучер Сандево

## 6.3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

- Урбанистички проекти по член 58 и член 63
- Урбанистички проект по член 58 став 2, за Културен дом за општ акт за село Чучер, КО Брњани
- Урбанистички проект за изградба на линиска инфраструктура (фекална канализациона мрежа) и реконструкција на краци од улица Радишански пат лево, КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

### 6.3.1. ПЛАНСКИ ПРОГРАМИ

- Планска програма за Урбанистички план за село Кучевиште, КО Кучевиште – Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Кучевиште-вонград, КО Кучевиште вон град – Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Брњани, КО Брњани– Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Горњани, КО Горњани– Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Побожје, КО Побожје– Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Бразда, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Чучер Сандево, КО Чучер Сандево, КО Мирковци и КО Брњани – Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Глуво, КО Глуво Бразда– Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда-
  КО Глуво Бразда – Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Кучевиште, КО Кучевиште – Општина Чучер Сандево
- Планска програма за Урбанистички план за село Мирковци, КО Мирковци– Општина Чучер Сандево
- Проектна програма за Урбанистички проект за изградба на линиска инфраструктура (фекална канализациона мрежа) и реконструкција на краци од улица Радишански пат лево, КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

### 6.3.2. ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА:

- Геодетски ажурирани подлоги за просторно уредување на земјиштето
- Геодетски мерења при спроведување на промени на имотно правни односи на земјиште во постапка за експропријација
- Етажен премер на објекти до 1000 $м^2$
- Етажен премер објекти над 1000 $м^2$
- Геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци
- Геодетски елаборати за утврдување на фактичка состојба на бесправно изградени објекти
- Геодетски елаборати од извршен премер во функција на запишување на недвижности со незапишани права
- Геодетски елаборати од извршен премер во функција на одржување на катастар на недвижности
- Геодетски елаборати за обележување на градежни парцели
- Геодетски елаборати за премер на инфраструктурни објекти
- Геодетски елаборати за физичка делба

### 6.3.3. Ревизија на урбанистички планови и урбанистички проекти:

Ревизија на урбанистички планови и проекти, нови или во фаза на менување.

## VII. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од член 22 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” 32/2020), стручните служби од Одделението за просторно и урбанистичко планирање при Општина Чучер Сандево пристапија кон изработка на Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Чучер-Сандево за 2022 година.

